МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ТЕОРИЈА НА ОБЛИКУВАЊЕТО И ДИЗАЈНОТ

II ГОДИНА

СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

техничар за дизајн на облека

Скопје, 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕОРИЈА НА ОБЛИКУВАЊЕТО И ДИЗАЈНОТ

1.2. Образовен профил, насока и струка на кои припаѓа наставниот предмет
1.2.1. Образовен профил: техничар за дизајн на облека
1.2.2. Насока: применета ликовна уметност
1.2.3. Образование: уметничко

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: предмет заеднички за насоката

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет
1.4.4. Втора година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по ***теорија на обликувањето и дизајнот*** се:

- да го користи ликовниот јазик како дел од ликовната теорија во творечко-практичната работа и да ја развива ликовно-естетската култура;
- да применува творечки однос во решавањето на задачите;
- да истражува и експериментира во творештвото и во откривањето нови сознанија за дизајнот на текстил и во ликовната култура;
- да ја воочува улогата на дизајнот во пропагандата, стопанството и културата за живеење;
- да користи разни принципи на компонирање во разни насоки и хармонија по функција во дизајнот;
- да врши корелација на елементи од просторните уметности во обликувањето на дизајнот;
- да умее ликовната идеја да ја проектира во нацрт за дизајн на текстил;
- да ги користи знаењата и ликовната култура во естетското проценување на ликовни дела и од дизајнот.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите на програмата по ***теорија на обликувањето и дизајнот*** неопходно е ученикот да има стекнато одредена ликовна и општа култура и да има предзнаења и способности стекнати во основното образование од културолошката група предмети: *македонски - мајчин јазик и литература, ликовно образование, музичко образование, техничко образование* и да умее да интегрира одредени содржини од наставните предмети: *цртање-сликање, историја на уметноста, конструкција на облека, обликување на облека* и други.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Број на часо-ви	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу темат-ските цели-ни и меѓу предметите
1. ВОВЕД	**2**	- Да ги познава целите на наставната програма за работа; - да ја препознава поделбата на теоријата на ликовната уметност: ликовен јазик; историја на уметноста; естетика; ликовна критика; - да ги разликува видовите дизајн и ги препознава нивните специфики: индустриски дизајн; графички дизајн; дизајн на облека и текстил; дизајн на керамика; ентериер и мебел и др.; -да коментира за улогата на ликовните елементи: ликовно-естетска, комуникациска, психолошка; - да користи во творечката работа различни ликовни техники и материјали.	- Подготвува и прикажува примери од различни видови дизајн и ги објаснува нивните карактеристики; - ги посочува ликовните вредности и користењето на ликовните елементи во ликовни дела и дизајнот; - анализира репродукции на ликовни дела и дизајн со доминација на одреден ликовен елемент.	-Историја на уметноста; - Цртање, сликање, моделирање;

2. ЛИНИЈА **- Улогата на линијата во дизајнот**	**4**	- Да воочува дека може само со линии да се изработи дизајнерско решение за дизајн на текстил; - да открива дизајнерски решенија на текстил и нацрти за обликување на облека изработени само со линии; - да забележува користење на видови линии: прави и криви, контрастни и хармонични во дизајнерски решенија на текстил и облека; - да користи видови, контраст, карактер и други вредности на линијата во дизајнот на текстил; - да изработи дизајн на текстил (може и завеси, тапет) со користење само на линии.	- Покажува примери на дизајниран текстил со линии; - организира практична реализација за нацрт на дизајн на текстил со примена на линии; - спроведува естетска анализа за примена на линиите на реализации од дизајнот на текстил и облека.	Историја на уметноста (костум); - Цртање; -Моделира-ње; - Обликување на облека
3. ТЕКСТУРА **- Примена на видови текстури**	**6**	- Да забележува видови текстури во природата и да ги трансформира во ликовна текстура која ќе ја користи во ликовната работа и дизајнот на текстил; - да воочува разлики на текстури на ткаенини и да ги компонира во обликувањето на облека според составот на материјалот и визуелно-ликовната хармонија; - да изработува нацрти за дизајн на текстил со различни текстури; - да компонира ликовни целини (дезен за	- Покажува различни ткаенини со различна текстура и укажува на хетерогеноста на нивното користење зависно од составот на материјалот; - покажува примери на ткаенини кои не се „трпат“ поради составот на материјалот покрај тоа што нивната текстура е хармонична.	- Историја на уметноста – дизајнот; - Сликање; - Обликување на облека

		платно) со користење хармонични и контрастни текстури; - да проектира дезен по сопствен избор и примена на видови текстури и мотив.		
4. БОЈА **- Улога на боите во дизајнот**	**8**	- Да го воочува значењето и употребата на боите во дизајнот на текстил и облека; -да ја објаснува поделбата на боите: основни, изведени, топли, ладни, комплементарни; - да умее да ги хармонизира боите според принципот на аналогија или контраст; - да изработува дезен со примена на топли; студени; контрастни - комплементарни бои; - да користи хроматски и ахроматски ликовни односи во проектирањето на дезен за ткаенина; - да изработува дезен на текстил со примена на колорит и елементи од старите цивилизации: Египет, Грција и др.	-Разговара за улогата на боите во дизајнот во целина, а особено во модното креирање на облека и текстил; - објаснува примери на користење на бојата во ликовни дела; - покажува примери на дезен и орнаменти од облека од старите цивилизации.	- Историја на уметноста; - Цртање и сликање; - Обликување на облека
5. ФОРМА **- Видови форми**	**6**	- Да открива во дизајнот на текстил примена на природни и геометриски форми; - да го разбира поимот стилизација (поедноставување) на природните форми; - да стилизира форми од флората и фауната и други природни форми за	- Покажува примери на користење на различни форми во историјата на костимот од разни периоди; - демонстрира цртежи со примена на разни форми од флората, фауната и	-Моделирање (скулптура); - Геометрија

		изработка на дезен за текстил; - да изработи дезен на текстил со различни форми; - да применува хармонија на форми по аналогија или контраст; - да умее да компонира плошни форми и тридимензионални (илузија) форми во обликувањето на дезен за платно; - да креира дезен за платно според сопствен афинитет.	геометријата; - покажува репродукции со ист ликовен проблем.	
6. ГОЛЕМИНА **- Разлики во големината**	**4**	- Да забележува разлики на големина (големо-мало) и да ги коментира нивните соодноси; - да користи градација на големина во дизајнот на текстил; - да користи исти и различни големини во создавањето ритам и орнамент за дизајнирање текстил.	- Прикажува дела од дизајнот со различна големина; - демонстрира примена на форми или линии со различна големина.	- Историја на уметноста; -Моделирање (скулптура); - Конструирање на облека
7. НАСОКА **- Видови насока**	**6**	- Да го знае значењето на насоката во компонирањето и видовите композиција (хоризонтална, вертикална и коса); - да користи видови насока во проектирањето на дезен за текстил; - да ја познава улогата на насоката содржана во дезенот на текстил и можностите за користење во обликувањето на облека;	- Ја објаснува улогата на насоката во компонирањето и дава примери на видови композиција; - споредува ликовни решенија со различна насока; - покажува примена на насоката во производи од	Историја на уметноста - архитектура и дизајн; - Изработка на облека

		- да изработува со одредена насока орнамент за дезен за плетен или везен производ.	дизајнот на текстил и облека.	
8. ТОН **- Светлина**	**6**	- Да ја воочува разликата на светлината во различните спектрални бои; - да ја забележува улогата на светлината во дизајнот и ликовните уметности; - да користи валер-светлинска вредност на тонот во креирањето на дезен за текстил; - да користи различни тонови на боја (хроматски и ахроматски) во изработка на нацрт на дезен за текстил со елементи од народното творештво или од одреден историски период (ренесансата во Италија).	- Ги објаснува валерските клучеви и можностите за нивна примена; - покажува дизајнерски решенија со валерски решенија; - покажува примери на дезен на текстил во ли-ковни дела од рене-сансата.	Цртање и сликање; - Физика
9. ХАРМОНИЈА **- Хармонија - дисхармонија**	**6**	- Да ја разбира потребата од хармоничен однос (по аналогија или контраст) на различни делови на облеката: форма, боја, текстура, насока и друго; - да диференцира хармонија од дисхармонија во односи на бои, текстури, во облекувањето на луѓето, архитектурата и други примери во околината; - да изработува решенија на дизајн на текстил со примена на хармонија на линии, бои, тонови, форми или др.	- Прикажува репродукции на примери на хармонија и дисхармонија; - објаснува видови хармонија.	- Музика; - Историја на уметноста

10. КОНТРАСТ **- Видови контраст**	**6**	- Да забележува и коментира контрастни односи во околината, ликовните уметности и во дизајнот; - да користи видови контраст во изработ-ката на дезен за текстил; - да изработува скици (вежби) со примена на контраст за проектирање и шамија или друго; - да користи елементи од графичкиот дизајн (букви, бројки, фотографии) во обликување на современ дезен за текстил.	- Ги објаснува видовите контраст и психолошкото дејствие на контрастот; - дава примери и објаснува за користењето на елементи од графичкиот дизајн во современото облекување на младите; - покажува примери со контрасти во дизајнот на текстил и облеката.	- Физика (светлина и бои); - Цртање и сликање; -Конструкција на облека
11. РИТАМ **- Повторување и ритам**	**8**	- Да воочува ритам во природата, објекти што ги создал човекот и во делата од ликовната уметност и дизајнот; - да го воочува повторувањето како фактор за создавање ритам; - да користи ритам на линија, боја, тон, форма, големина, текстура и др.; - да користи видови ритам: регуларен, прогресивен и слободен; - да користи видови ритам во изработката на орнамент за чаршаф, колан, дијадема или друг вид текстил; - да користи техника на шаблонско печатење за изработка на дезен за текстил.	- Покажува во природата присуство на ритам; - демонстрира ритам на линии; форми, боја, тон и др.; - покажува примери на дизајн со примена на ритам; - објаснува видови ритам: регуларен, прогресивен и слободен.	- Музика; - Биологија; - Цртање и сликање

12. РАМНОТЕЖА **- Симетрија и асиметрија**	**4**	- Да ги објаснува карактеристиките на видовите рамнотежа: симетрична, асиметрична и комбинирана рамнотежа; - да користи видови рамнотежа во изработката на скици и решенија на дезен за текстил; да проектира дезен за текстил со мотиви од македонската национална народна носија и користење на симетрија, односно асиметерија; - да проектира орнамент за декоративен појас.	- Демонстрира примери на симетрија и асиметрија; - покажува во дизајнот примери на рамнотежа.	- Историја на уметноста - архитектура и Применета уметност
13. КОМПОЗИЦИЈА **- Компонирање и рекомпонирање**		- Да ја објаснува типизацијата на композициите: отворена, полуотворена (фриз) и затворена композиција и нивната честа примена во дизајнот на текстил; - да умее да компонира според насоката: вертикална, хоризонтална, дијагонална,спирална отворена, фриз и др.; - да користи хроматски и ахроматски односи на бои во композицијата на дезен за текстил; - да умее да компонира и рекомпонира елементи од флората и фауната за дизајн на текстил.	- Покажува примери на композиција во ликовните дела, фотографијата, музиката и др.; - објаснува, врши коректури на практичните реализации на учениците.	- Музика; -Фотографија; - Филм; - Ликовни уметности

4.2. Наставни методи и активности на учење

Во реализација на програмските содржини на наставниот предмет ***теорија на обликувањето и дизајнот*** ќе се користат, главно, следните наставни форми и методи: фронтална форма ќе се користи на предавања поврзани со теоретскиот дел на тематските целини, а индивидуалната во практично-творечка работа на учениците и вршење на индивидуалните коректури. Од методите ќе се користат: разговор, практично-творечка работа, демонстрација на ликовно-естетски идеи, преку прикажување репродукции, слајдови, видеопрограми, графички прикази и користење на друг вид нагледни средства и помагала.
Давање стручни инструкции и упатства за реализација на задачите што произлегуваат од тематските целини.
Активно следење на процесот на реализацијата на поставените задачи; коригирање и оценување на резултатите.

Учениците ќе ги совладуваат наставните содржини преку: континуирано следење на теоретските предавања и ликовно-творечката работа;

- перманентно следење на презентираниот илустративен материјал;
- континуирано следење на насоките и упатствата за реализација на поставените задачи;
- самостојното учење, изработката на вежби, изработката на скици во материјал и примена на знаењата во проектирањето на дизајн за текстил и др.

Активностите на **наставникот** се: да ја осмислува и организира работата, да ја анализира наставната програма и врз програмските содржини да изработи годишен глобален и тематски план, да формира колекција на нагледни средства, да разговара, објаснува и демонстрира, да врши коректури, да следи стручна литература, да се грижи и да го поттикнува развојот на учениците, да ги оценува постигањата на учениците и др.

4.3. Организација и реализација на наставата по теорија на обликувањето и дизајнот

За постигнување на целите на наставната програма потребна е наменска просторија ателје - работилница за ликовна работа и задавање домашни задачи и нивно квалитетно реализирање од страна на учениците. Воспитно-образовните и творечките задачи ќе се реализираат во текот на двете полугодија преку неделен фонд на часови и вонучилишни активности на учениците во рамките на теоретската и творечката работа во обликувањето на дизајнот на текстилот.

4.4. Наставни средства и помагала

За обезбедување правилен развој на способностите и знаењата на учениците и во остварувањето на целите по наставниот предмет ***теорија на обликувањето и дизајнот*** во теоретската и практичната работа, ќе се користат различни наставни средства од кои визуелните ќе имаат приоритет: репродукции, непосредно набљудување и анализа на примери од дизајнот на текстил и ликовни дела во музеи и галерии, примери во природата и др. Во теоретската работа основна улога ќе има користењето на учебникот "*Елементи и принципи*" од Борко Лазески и друга стручна литература, списанија, уметничка енциклопедија и помагала. За имплементација на теоретските сознанија ќе се изработуваат голем број практични остварувања во вид на вежби од дизајнот на текстил и други. Драгоцени сознанија и искуства ќе се постигнат преку посета на проектантски одделенија за дизајн и производни погони за текстил во непосредната текстилна фабрика.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Процесот на едукацијата бара континуирано следење на развојот на ликовните способности на учениците, нивните знаења од областа на ликовниот јазик и умеења во творечката работа во областа на дизајнот на текстилот и во совладувањето на ликовните материјали и техники. Процесот на следење и оценување ќе се одвива низ повеќе фази на теоретската и практичната работа. Знаењата, умеењата и творечките способности ќе се следат и проценуваат преку валоризација на нивото на совладани теоретски знаења и нивната практична примена во изработката на практични вежби и во областа на дизајнот.

На крајот од секоја тематска целина, задачите на сите ученици подлежат на групна оценка за постигнатите резултати, при што со свои ставови учествуваат и учениците; најуспешната и најкреативната задача наставникот ја истакнува посебно и стручно ја анализира. Овој процес се спроведува формативно во текот на целата учебна година (тримесечијата, првото и второто полугодие), со цел завршниот резултат (сумативното оценување) да го одразува степенот на напредокот што го остварил ученикот низ наставниот процес.

Доколку ученикот не покаже задоволителни резултати во совладувањето на теоретските и практичните знаења и способности, тој се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставната работа како сложен едукативно-работен процес бара наставникот да поседува персонални, стручни, педагошки и општохуманистички карактеристики: да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни, визуелни - далтонизам и др.) мани кои го попречуваат вршењето на дејноста и да поседува способности за квалитетна комуникација со учениците, родителите и други лица, да има хуманистички ставови во градењето на животот. Наставникот треба да поседува креативни, организациски и други способности кои ќе овозможуваат квалитет во реализацијата на задачите и унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

1. Факултет за применети уметности, оддел: Дизајн на текстил и облека (или костимографија)
2. Факултет за ликовни уметности, насока: Историски костим со модно креирање
3. Факултет за ликовни уметности - педагошки оддел, насока: Историски костим со модно креирање.

Наставниците треба да имаат стекнато педагошко-психолошка и методска оспособеност на факултетот за ликовни уметности. Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец од областа на дизајнот за текстил и облека.

6.3. Стандард за простор

Реализацијата на целите и задачите на наставниот предмет ќе се одвива во училница и работилница – ателје опремено со потребната опрема (епископ, дијапроектор и др.) според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: јуни 2006 година

7.2. Состав на работната група:

- Д-р Ѓорѓи Здравев, академски сликар - костимограф, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет - Скопје
- Перо Наневски, советник по ликовна уметност во Бирото за развој на образованието - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на примена: 01.09.2006 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***теорија на обликувањето и дизајнот*** ја одобри министерот за образование со решение бр. 11-4299/1 од 24.07.2006 година.